Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13.12.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1000/3 | 1 | |

**ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**III РО.бр. 112/2017**
**Скопје, 05.12.2017 година**

***ДО***
***АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ***
***МЕДИУМСКИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

**ПРЕДМЕТ:** Известување

**Врска:** Барање за вршење надзор Ваш број 03-1000/2

0306
10

Од ваша страна до Вишото јавно обвинителство Скопје беше поднесено барање за вршење надзор врз работата на Основното јавно обвинителство Скопје во предметот РО.бр.8/2017 на истото јавно обвинителство.

Од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје беа прибавени списите на наведениот предмет како и писмена информација за постапувањето на јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје, при што се заклучи следново:

Правилен е заклучокот а со тоа и одлуката на јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје дека во конкретниот случај не постои место за јавнообвинителска интервенција со оглед на фактот дека имајќи ги во предвид прилозите кон предметот и содржината на ЦД-то со назнака „СИТЕЛ вести" произлегува дека истите содржат наводи кои се емитувани во време на изборна кампања со намера да се постигне определена политичка цел, но не и предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост со оглед на фактот дека нема дејствија на присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, оштетување на туѓи предмети, скверневење на споменици, гробови, ниту пак како последица дошло до разгорување на национална, расна или верска омраза, раздор, нетрпеливост, ниту безредие или насилство спрема луѓе или пак имотна штета од големи размери.

Со оглед на горенаведеното сметам дека јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје постапувајќи по предметот донел правилен и законит заклучок дека во конкретниот случај нема место за јавнообвинителска интервенција.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
*Елвин Вели*